ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
03-1818
10.07.23

Врз основа на член 6. став 1 и член 25 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и чл.7 став 1 потточка 3) од Законот за акредитација (Сл. весник на РМ бр.120/09, 53/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ) донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Барањета за пристап на информации од јавен карактер доставено по е-пошта на ден 23.06.2023 година на барателот [redacted] вачка [redacted] бр.03-[redacted]

О б р а з л о ж е н и е

До Институтот за акредитација на Република Северна Македонија барателот [redacted] Л[redacted] ви барање за п[redacted] и: **имиња и презимиња на сите оценувачи кои учествувале во акредитацијата на сите акредитирани методи на Фуд Лаб и да ѝ се достават сите Извештаи од оценување на лабораторија ОБ 05-19, за сите методи кои ги има акредитирано Фуд Лаб од сите оценувачи во постапката, при првата акредитација на методите.**

Постапувајќи по барањето доставено од горенаведениот барател, Институтот за акредитација на Република Северна Македонија како имател на информации констатира дека бараната информација согласно член 6 став 1 од овој Закон и чл.7 став 1 потточка 3) од Законот за акредитација и по спроведен тест на штетност, оцени дека бараните информации се заштитени како доверливи и поради тоа не може да му се обезбедат односно направат достапни на барателот.

Поради тоа барањето се одбива во целост.

Имателот на информацијата известува дека при процена на штетноста од објавата на информациите, постапи и одлучи согласно чл. 7 од Законот за акредитација согласно кој е пропишано, цитирам: „Институтот во своето работење се придржува кон следниве приниципи на неконкурентност и доверливост:

1) нема да дава услуги од областа на оцена на сообразноста;

2) нема да дава услуги надвор од границите на Република Македонија, освен во случаите и под условите определени во членот 35 од овој закон и

3) ќе ги смета за доверливи сите податоци кои ги добива од корисниците на услугите, освен оние кои се јавно достапни.".

Постапката за акредитација на лабораториите за тестирање и калибрација, вклучително и на посочената лабораторија се спроведува согласно барањата на МКС EN ISO/IEC 17025:2018-Општи барања на компетентност на лаборатории за тестирање и калибрација и процедурите за акредитација на ИАРСМ согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018 – Оцена на сообразност – Општи барања за тела за акредитација кои што акредитираа тела за оцена на сообразност. Согласно т.8 од стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, и потточките т.8.1.1 и т.8.2., телото за акредитација, во случајот ИАРСМ како имател на информација е должен да обезбеди доверливост на информациите поврзани и стекнати во процесот на акредитација на било кој субјект - корисник на услугите за акредитација и истите барања се соодветно разработени и пропишани и во политиките, правилата и процедурите кои го чинат системот за управување со квалитет на ИАРСМ (QMS) и склучените договори за акредитација, како